ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **04.05.2021 година** во 09:00 часот во Голема сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на оделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Директорот на ЛУ Градски музеј **Дараган Величковски**и Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се продолжи со постапката за стандардизација на општината и да се исконтактира со избраната фирма.

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се даде приоритет за продолжување на инфраструктурниот проект за с.Крклја и да се даде налог за изработка на инфраструктурен проект за с.Длабочица - А2 до училиштето.

-Да се направи приоритетна листа за крпење на ударни дупки и асфалтирање на јавни површини и делови од улици.

-По асфалтирање на игралиштето кај интернат да се даде налог на фирмата за санација на постоечката ограда.

-Да се пушти јавна набавка за регулација на дел од коритото на Крива Река.

-За предметите на ЕВН да се разгледа доставената документација и да се продолжи постапката по направена координација со АКН.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде приоритет за добивање на одобрение за Кошари.

-Да се исконтактира со НКЦ за АЗКН 7А дали треба ново барање или ќе се оди со дополнување на барањето.

-Да се пушти јавна набавка за третирање на комарци.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се исконтактира со ЈП Комуналец да започне со поставување на хидротехничката мрежа на плоштадот.

Лиле да ги исконтактира НВО за настанот Генаралка викенд на 07.05.2021 г.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Билјана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се подготви оперативен план за настанот на 09.05 Генералка викенд.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

-Да започне со поставување на хидротехничката мрежа на плоштадот.

-Да изврши попочување со бекатон плочки на делот кај Тутунска банка и платоата на соларски мост кои не се предвидени со проектот изградба на полштадот на Општина Крива Паланка.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се доставуват барања за користење на годишен одмор.

-Сите раководители да ги известат своите вработени дека во недела на 9-ти мај ќе се одржи еколошка акција „Генералка викенд" со почеток во 9 часот со задолжително присутво на пунктови кои дополнително ќе бидат определени.

**04.05.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**